Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-111/14
15.10.2021 Година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-111 од 10.04. 2019 година, поднесена од [redacted], против вработените во Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија, Сектор за Внатрешни Работи Куманово: [redacted], за извршена директна дискриминација по основ на политичко уверување во областа на работа и работни односи, член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 14.10.2021 го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** по основ на политичко уверување, област - работа и работни односи, извршена од страна на Сектор за Внатрешни Работи Куманово при Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија, врз подносителот на претставката [redacted] вработен во СВР Куманово.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] против СВР Куманово - Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија што е поднесена на 10.04.2019 година, подносителот до Комисијата достави документација поврзана со претставката.

Во претставката на [redacted], има наведено, дека врз него е *извршена дискриминација и вознемирување од страна на службени лица во СВР Куманово. Повредите од таквото постапување* од страна на службените лица во СВР Куманово ги објаснува на следниов начин:

Од 2013 година со разни обвинувања бил изложен на напади со дискриминаторско и вознемирувачко однесување, кое започнало со уписот на постдипломските студии на ЕУ РМ, финансирано од сопствени средства и никогаш не употребено пред органот каде работи МВР. Поради измислени претставки до: Основното Јавно Обвинителство, органи во МВР и Државен просветен инспекторат, вршени се контроли за веродостојност на дипломата во Европски Универзитет и проверки во евиденциите на граничната полиција на аеродромот - Скопје, и Секторот за меѓународна полициска соработка, бил повикуван да објасни една иста работа неколку пати, поднесен е предлог за дисциплинска одговорност, симнат е едно ниво подолу и преместуван од Куманово во Скопје, по интервенција на Државен инспекторат на труд повторно вратен во Куманово, континуирано му е создавана несигурност и вознемирување.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

За објаснување подносителот ги достави следните документи:

1. Март/април 2013 година - ОЈО Куманово до Одделот за внатрешна контрола при МВР на РСМ, доставува барање за собирање на известувања (вршени се детални проверки и увид во личното досие на ЕУРМ).
2. 20.09.2016 година – во ОЈО Куманово оформен е предмет со РО.бр.631/16 кој констатирал дека нема да постапи по предметот РО.бр.631/16, бидејќи еднаш е постапувано по предметот КО.бр.375.13
3. 19.09.2018 година – МВР/СВР Куманово/ОКП/ОЕК врши проверки по КК Образование за проверка на веродостојност на Уверение бр.08-09/491 од 02.02.2014 година, издадено од ЕУРМ за положени испити од втор циклус на студии.
4. 19.11.2018 година – ОЈО Куманово со Известување до лицето [redacted] наведува дека по истите наводи е постапено во предмет 375/13, донесено е Решение за отфрлање, па предметот РО.бр.631.16 е завршен.
5. 13.03.2019 година – со Покана број 118 од 08.03.2019 година, лицето [redacted] е повикано на разговор во ОЕК при ОКП во СВР Куманово. Лицето во претставката до КСЗД наведува дека од страна на лицата [redacted] е изложено на непотребно повеќекратно отворање на предмет со иста содржина.
6. 22.03.2019 година – со Потврда за привремено одземени предмети, решенија и друга документација.
7. 10.05.2019 година – СВР Куманово до Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност при СВР Куманово поведува Предлог за покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и кршење на работниот ред.
8. 22.07.2019 година – МВР носи решение со кое се отфрла Предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр.31.3-4146/1 од 10.05.2019 година. Постапката се запира заради неутврдена одговорност.
9. 11.03.2020 година – Одделот за внатрешна контрола при МВР на РСМ го известува лицето [redacted]. дека во врска со претставката против него изнесени се невистини и против полицискиот службеник во ОЕК - СВР Куманово преземени мерки.
10. 28.04.2021 година – Државниот инспекторат за труд при МТСП го известува лицето [redacted] дека во врска со неговата претставка, бил неправилно распореден во организациска единица надвор од неговото место на живеење.

Комисијата за заштита од дискриминација на ден 19.04.2019 година, поднесе барање за изјаснување до СВР Куманово. Во архивите на Комисијата за заштита од дискриминација пристигнал одговор по барањето на ден 16.07.2019 година во кое стои:

*При претходно извршен инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат за стекнато образование на ЕУРМ Европски Универзитет – Република Македонија, од нивна страна е изготвен Записник доставен до СВР Куманово до Отсекот за Економски Криминалитет од каде до ОЈО Куманово е доставено известување во врска со докажување на кривични дела „фалсификување на исправа"*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*по чл. 378 и „Употреба на исправа со невистинита содржина" по член 380 од КЗ. Мерките преземени од страна на ОЕК СВР Куманово и разговорот објавен на 13.03.2019 година со именуваниот се по добиени наредби и насоки од ОЈО, во консултација на инспектори на ОЕК СВР Куманово – со ОЈО Куманово од 05.07.2019 година и именуваниот не е вознемируван од страна на органите на СВР Куманово, доколку има такво нешто треба да поднеси соодветно барање по чл. 19 од Законот и ќе му се одреди посредник за посредување.*

Поради потребата за дополнителни објаснувања, на ден 06.09.2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе барање за дополнување на податоци од [redacted] на ден 16.09.2021 година, Комисијата достави барање за изјаснување до ОЈО Куманово, Европскиот Универзитет на Р.С.Македонија и Државен просветен инспекторат при МОН.

Во архивите на КСЗД, на 24.09.2021 г, пристигна документација од страна на ОЈО Куманово од која се гледа дека **нема** издадено наредба и насоки за отворање постапки за [redacted] како што е наведено во одговорот на СВР Куманово, туку постапувале по поднесени претставки и го известиле СВР Куманово за непостоење елементи за отворање на обвинителен акт.

Во Архивите на КСЗД, на ден 29.09.2021 г, пристигна документација од страна на Државен просветен инспекторат, од која се гледа дека **нема** издадено известување до СВР и ОЕК Куманово, за сторено кривично дело ,, фалсификување на исправа и употреба на исправа со невистинита содржина за лицето [redacted], ниту утврдиле неуредност во веродостојноста на дипломата, како што е наведено во одговорот на СВР Куманово.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја разгледуваше документацијата по претставката на седница и го констатира следното:

Лицето [redacted] во период од 2013 до 2019 година три пати е повикуван во просториите на СВР Куманово за иста работа, четири пати отворени се предмети во ОЈО Куманово и Скопје со констатирана потполна уредност, има постапувано Државен просветен инспекторат по барање на СВР Куманово со констатирана уредност, два пати постапувал - Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди со констатирана уредност, еднаш постапувал - Државен инспекторат на труд кој констатирал повреди од страна на СВР Куманово врз личноста [redacted], давани се предлози од страна на СВР Куманово за поведување на дисциплинска одговорност до Комисија за водење постапка за утврдување на дисциплинска одговорност при МВР, која констатирала потполна уредност и покрената е одговорност спрема подносителот на предлогот за дисциплинска одговорност - лице вработено во СВР Куманово.

За КСЗД важно е тоа што, покрај сите обвинувања, видлива е намера на припадниците во СВР Куманово и уредноста на [redacted].

Имајќи во предвид чл. 10 од Законот за спречување и заштита од вознемирување кој гласи:

*Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира низа непотребни и неосновани обвинувања и повикувања на [redacted] од страна на полициски службеници во органите на СВР Куманово кое предизвикувало вознемирувачко чувство и загриженост кај личноста, за која е констатирана **потполна уредност** за сите обвинувања од надлежните органи, поради што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека **СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кај подносителот на претставката [redacted], предизвикано од страна на група - припадници во СВР Куманово и тоа: [redacted]

**ПРЕПОРАКА:**

Се задолжуваат лицата: [redacted] и [redacted] - припадници на СВР Куманово, да се извинат на подносителот - [redacted], во присуство на претпоставен раководител за нанесеното вознемирувачко чувство, во рок од 30 дена и за тоа писмено да ја известат Комисијата, согласно чл.27 став 3 од ЗСЗД.

Доколку лицата припадници во СВР Куманово не постапат согласно оваа Препорака, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Известител: член на КСЗД
**Лимко Бејзароски**
Скопје, 15.10.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

**Весна Бендевска**

Доставено до
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи- ул.Димче Мирчев бр.9- 1000 Скопје
- СВР Куманово –ул. 11 Октомври бб-1300 Куманово


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk